PRESS CLIPPING 2018

https://makfax.com.mk/kultura/manifestacii/филмскиот-фестивал-за-млади-цифони-м/

# Филмскиот фестивал за млади „Цифони Македонија“ отвори повик за пријавување за шестото издание

30 август, 2018

Макфакс







Филмскиот фестивал за млади „Цифони Македонија“ отвори **повик за пријавување 650 учесници** за шестото издание на фестивалот, кое ќе се одржи од 6 до 11 октомври во МКЦ, Кинотеката на Македонија, киното „Милениум“ и уште неколку локации во Скопје. Темата на годинешното издание на фестивалот е „Вода“.

На фестивалот се поканети и млади учесници од 16 држави од Европа, кои заедно со младите од Македонија ќе го сочинуваат меѓународното жири распределено во три категории според возраста. Тие заедно ќе гледаат филмови, ќе дискутираат на темите претставени со филмовите, ќе учествуваат во 11 работилници, ќе се дружат и ќе се забавуваат.

Десет учесници од Македонија, кои најмногу ќе се истакнат со своите елоквентни дискусии и активности за време на фестивалот, ќе патуваат во Италија во јули в година како македонски претставници на најголемиот фестивал за млади „Цифони експириенс“.

Исто така, „Цифони Македонија“ е во **потрага по волонтери**, ентузијасти, кои би сакале да се приклучат и да бидат дел од тимот на фестивалот. Пожелно е познавање англиски јазик, како и желба за дружење и со млади луѓе од над 15 земји од Европа.

Филмскиот фестивал за млади веќе шест години опстанува и работи на развој на филмската култура и неформалното образование кај младите генерации во Македонија со поддршка од Агенцијата за филм на Република Македонија и најголемиот фестивал за млади „Цифони експириенс“ од Италија.

https://a1on.mk/archives/939368

https://makfax.com.mk/kultura/отворено-шестото-издание-на-џифони-ма/


makfax news agency

МАКЕДОНИЈА ЕКОНОМИЈА РЕГИОН СВЕТ ХРОНИКА МАГАЗИН КУЛТУРА

КУЛТУРА

Отворено шестото издание на „Џифони Македонија“

Објавено пред 2 недели - 8 октомври, 2018
Од Макфакс



# Отворено шестото издание на „Џифони Македонија“

8 октомври, 2018

Макфакс




Со присуство на претседателот на „Џифони Експириенс“ од Италија, Пјеро Риналди, италијанскиот амбасадор во Република Македонија, Карло Ромео, претставници на Министерството за култура и Агенцијата за филм, како и голем број учесници од основните и редните училишта од 10 земји, синоќа во киното „Милениум“ беше отворено шестото издание на филмскиот фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“.

На отворањето на фестивалот во име на организаторот „Планет-М“, Дарко Башески ги поздрави присутните гости и ги покани децата за време на фестивалските денови до 11 октомври да го слават филмот, радоста и пријателството, најавувајќи дека тоа е фестивал на младите луѓе и им го отстапи микрофонот на тројцата млади водители кои веќе гостувале на фестивалот „Џифони Експириенс“ во Италија.

Младите водители објаснија дека најголемата вредност на фестивалот е што сите млади се чувствуваат како членови на семејството Џифони, независно од каде доаѓаат, и дека фестивалските денови се исполнети со радост, уживање и склопување многу нови познанства.
Тема на годинашното издание на „Џифони“ е водата, односно „Аква“ според латинското име. Со тоа фестивалот почнува циклус кој ќе биде посветен на екологијата и човековата околина и во следните две години. По „Аква“ ќе следуваат „Воздух“ и „Земја“. Со таа цел како партнер на фестивалот се вклучува „Пакомак“.

„Најголем поздрав сакам да упатам до младите кои се членови на жирито, бидејќи жирито е срцето на фестивалот Џифони“, рече Пјеро Риналди, кој објасни дека и самиот некогаш бил член на жирито и дека добро знае што значи таа заедница.
Риналди најави дека основачот на „Џифони“, Клаудио Губитози доаѓа на 8 октомври во Македонија заедно со заменик-министерот за култура, со надлежност за кинематографијата на Италија, Лучија Боргонзони.

Италијанскиот амбасадор во Република Македонија, Карло Ромео, присутните ги поздрави на македонски, англиски и италијански јазик.

„Повторно сме тука да го одбележиме и шестото издание на филмскиот фестивал ’Џифони Македонија‘ како дел од големото семејство на ’Џифони Експириенс‘. Особено ни е мило што гледаме како ’Џифони Македонија‘ расте од година во година и станува важен дел од семејството ’Џифони‘ на светско ниво. Исто така, ’Џифони Македонија‘ е конкретен пример за силните релации меѓу Италија и Македонија, потврдувајќи ги специфичните чувства помеѓу двата народи и придонесувајќи во засилувањето на културните релации меѓу двете држави“, рече Карло Ромео.

Шестото издание на „Џифони Македонија“ беше отворено со италијанскиот филм „По трагите на мојот татко“ (La pelle dell’orso) на режисерот Марко Сегато (Marco Segato).
Филмскиот фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“ се одржува од 6 до 11 октомври 2018 на повеќе локации во Скопје. Програма содржи богата понуда на долгометражни и краткометражни филмови, креативни работилници, мастер класови и низа други креативни и едукативни активности во кои ќе бидат вклучени околу 650 деца и млади на возраст од 10 до 19 години. Освен децата од Македонија, во жирито ќе учествуваат над 50 деца од странство, кои за време на фестивалот ќе бидат гости во домовите на своите другарчиња.
За организацијата и реализацијата на активностите кои се одвиваат за време на фестивалот во Македонија е задолжено Здружението за медиумска писменост „Планет-М“.

Реализацијата на овој фестивал е овозможена со поддршка на Агенцијата за филм на Република Македонија, Министерството за култура на Република Македонија, Министерството за образование и наука, Италијанската Амбасада во Република Македонија, Кинотеката на Република Македонија, Младинскиот културен центар, сите училишта и општини на Град Скопје, како и голем број спонзори.

https://www.novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/отворен-повикот-за-пријавување-на-шес/

**Отворен повикот за пријавување на шестото издание „Џифони Македонија“**

Филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија“ отвори повик за пријавување на 650 учесници за шестото издание на фестивалот што ќе се одржи од 6 до 11 октомври во Младинскиот културен центар, Кинотеката на Македонија, кино „Милениум“ и на уште неколку локации во Скопје. Темата на годинашното издание на фестивалот е вода.

На фестивалот се поканети и млади учесници од 16 држави од Европа кои заедно со младите од Македонија ќе го сочинуваат меѓународното жири распределено во три категории според возраста. Тие заедно ќе гледаат филмови, ќе дискутираат на темите претставени со филмовите, ќе учествуваат во 11 различни работилници, ќе се дружат и ќе се забавуваат.

Десет учесници од Македонија кои најмногу ќе се истакнат со своите елоквентни дискусии и активности за време на фестивалот, ќе патуваат во Италија во јули 2019 како македонски претставници на најголемиот фестивал за млади „Giffoni Experience“.

Заинтересираните можат да преземат пријава за учесници од основните и средните училишта на следниот линк https://goo.gl/nFJe7x

Џифони Македонија е во потрага по волонтери, ентузијасти кои би сакале да се приклучат и да бидат дел од тимот на фестивалот. Кандидатите пожелно е да познаваат англиски јазик и да имаат желба за дружење со млади луѓе од преку 15 земји од Европа. Пријава за волонтери може да се преземе од линкот www.goo.gl/q9wJkY

Филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија“ како гранка на фестивалот „Giffoni Experience“ веќе шест години опстојува и работи на развој на филмската култура и неформалното образование кај младите генерации во Македонија, со поддршка од Агенцијата за филм на Република Македонија и најголемиот фестивал за млади „Giffoni Experience“ од Италија.

https://vecer.press/џифони-македонија-отвори-повик-за/

**„Џифони Македонија“ отвори повик за пријавување за шестото издание**

29 август, 2018

Филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија“ отвори повик за пријавување на 650 учесници за шестото издание на фестивалот што ќе се одржи од 6 до 11 октомври во Младинскиот културен центар, Кинотеката на Македонија, кино „Милениум“ и на уште неколку локации во Скопје. Темата на годинашното издание на фестивалот е вода.




На фестивалот се поканети и млади учесници од 16 држави од Европа кои заедно со младите од Македонија ќе го сочинуваат меѓународното жири распределено во три категории според возраста. Тие заедно ќе гледаат филмови, ќе дискутираат на темите претставени со филмовите, ќе учествуваат во 11 различни работилници, ќе се дружат и ќе се забавуваат.

Десет учесници од Македонија кои најмногу ќе се истакнат со своите елоквентни дискусии и активности за време на фестивалот, ќе патуваат во Италија во јули 2019 како македонски претставници на најголемиот фестивал за млади „Giffoni Experience“.

Заинтересираните можат да преземат пријава за учесници од основните и средните училишта на следниот линк https://goo.gl/nFJe7x

Џифони Македонија е во потрага по волонтери, ентузијасти кои би сакале да се приклучат и да бидат дел од тимот на фестивалот. Кандидатите пожелно е да познаваат англиски јазик и да имаат желба за дружење со млади луѓе од преку 15 земји од Европа. Пријава за волонтери може да се преземе од линкот www.goo.gl/q9wJkY

Филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија“ како гранка на фестивалот „Giffoni Experience“ веќе шест години опстојува и работи на развој на филмската култура и неформалното образование кај младите генерации во Македонија, со поддршка од Агенцијата за филм на Република Македонија и најголемиот фестивал за млади „Giffoni Experience“ од Италија.

https://vecer.press/џифони-македонија-годинава-на-тема

## “Џифони Македонија“ годинава на тема “Вода“

8 октомври, 2018




КУЛТУРА

На шестиот филмски фестивал за деца и млади “Џифони Македонија“, што ќе се одржува до 11 октомври на неколку локации во Скопје, ќе се прикажат повеќе долгометражни и краткометражни филмови. За учесниците се организираат работилници, мастеркласови, креативни и едукативни активности, а вклучени се околу 650 деца и млади на возраст од 10 до 19 години.




Тема на годинашниот фестивал е “Вода (Аква)“, со што “Џифони“ почнува циклус посветен на екологијата, а во наредните две години ќе следуваат темите „Воздух“ и „Земја“. Покрај деца од Македонија, во жирито ќе учествуваат и над 50 деца од странство. Фестивалот се отвори во киното “Милениум“ со италијанскиот филм „По трагите на мојот татко“ на режисерот Марко Сегато, а за време на фестивалските денови децата ќе го слават филмот, радоста и пријателството.

https://www.reborn.mk/giffoni-macedonia-2018/

# Утре започнува Џифони Македонија, филмски фестивал за деца и млади




На 6 октомври во Кинотека на Македонија, со почеток во 09.00 часот, ќе се случи отворање на шестото издание на Џифони Македонија.

Македонскиот фестивал е дел од големото семејство на Giffoni Experience, најголемиот и најважен културен настан во светски рамки посветен на филмот, кој е наменет на децата и младите. Неговата цел е позитивно да влијае врз социјалниот развој на младите генерациии преку заеднички активности на учесници од различно национално, социјално и културно потекло, што придонесува кон поголемо спознавање и прифаќање на различностите.

Централниот настан од шестото издание на Џифони Македонија ќе се одржи **од 6 до 11 октомври 2018, на повеќе локации во Скопје**. Шестдневната програма ќе содржи богата понуда на **долгометражни и краткометражни филмови, креативни работилници, мастер класови и низа други креативни и едукативни активности** во кои ќе бидат вклучени околу 600 деца и млади на возраст од 11 до 19 години.

Главниот дел од програмата се состои од внимателно селектирани филмови, а децата, поделени по старосни групи, во улога на жири ќе ги одберат победниците. Покрај децата од Македонија, во жирито ќе учествуваат над 40 деца од десет држави, кои за време на фестивалот ќе бидат гости во домовите на своите другарчиња од Македонија.




**Свеченото отворање на Филмскиот фестивал за млади Цифони Македонија ќе се одржи на 7 октомври со почеток во 19.30 часот во Градското кино „Милениум“, каде ќе биде прикажан италијанскиот филм „По трагите на мојот татко“ на режисерот Марко Сегато.**

Програмата на групата „Јуниори“ ќе се одвива од сабота, 6 октомври, до среда, 10 октомври, во Кинотека на Македонија. Во недела, 7 октомври, во Младинскиот културен центар и Киното Милениум ќе почне програмата за групите „Кадети“ и „Сениори“.

**На 11 октомври, четврток, во Киното Милениум ќе се одржи свеченото затворање на Фестивалот**, на кое ќе бидат прогласени победничките филмови и ќе се прикажат резултатите од креативните работилници.

За времетраење на фестивалот најавена е и државна делегација на Република Италија со заменик Министер за култура и негови соработници, кои ќе одржат средби со македонските институции од соодветните сектори.

https://www.novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/отворен-6-филмски-фестивал-за-деца-и-мл/

# Отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“

08.10.2018







Во кино „Милениум“ синоќа беше отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“, со италијанскиот филм „По трагите на мојот татко“ на режисерот Марко Сегато.

До 11 октомври фестивалот ќе се оджрува на повеќе локации во Скопје. Програма содржи долгометражни и краткометражни филмови, креативни работилници, мастеркласови, креативни и едукативни активности во кои ќе бидат вклучени околу 650 деца и млади на возраст од 10 до 19 години. Покрај деца од Македонија, во жирито ќе учествуваат над 50 деца од странство, кои за време на фестивалот ќе бидат гости во домовите на своите другарчиња.

Тема на годинашниот фестивал е „Вода (Аква)“, со што „Џифони“ почнува циклус посветен на екологијата. Во наредните две години ќе следуваат „Воздух“ и „Земја“, а за таа цел како партнер на фестивалот се вклучува „Пакомак“.

На синоќешното отворање присуствуваа ученици од основни и средни училишта од десет земји, претседателот на „Џифони Експириенс“ од Италија, Пјеро Риналди, италијанскиот амбасадор во Македонија, Карло Ромео, претставници од Агенцијата за филм на Република Македонија.

Во име на организаторот – Здружението за медиумска писменост „Планет-М“, Дарко Башески ги поздрави присутните гости и ги покани децата за време на фестивалските денови да го слават филмот, радоста и пријателството.

https://makfax.com.mk/kultura/цифони-македонија-од-7-до-11-октомври




[Култура](#)

# „Цифони Македонија“ од 7 до 11 октомври на три локации во Скопје

6 октомври, 2018

[Макфакс](#)




Шестото издание на филмскиот фестивал за млади „Цифони Македонија“ ќе биде отворен утре во кино Милениум со почеток во 19.30 часот со проекција на италијанскиот филм „По трагите на мојот татко“ на режисерот Марко Сегато.

На 11 октомври во кино Милениум со почеток во 19.30 часот ќе бидат прикажани филмовите и изведбите направени на работилниците за време на фестивалот од страна на младите.Оваа година фестивалот „Цифони Македонија“ ќе се одржи од 6 до 11 октомври на три локации во Скопје – Кинотеката на Македонија, МКЦ и кино Милениум со учество на над 650 млади учесници на возраст од 10-19 години.

Фестивалот се одржува со финансиска поддршка од Агенцијата за филм и Фестивалот „Цифони Експириенс“ од Италија, а со почеток од оваа година, во следните три години фестиваалот концепциски се посветува на екологијата и зачувување на животната средина.

https://a1on.mk/archives/958510


a1 on .mk

ПОЧЕТНА МАКЕДОНИЈА ЕКОНОМИЈА РЕГИОН СВЕТ МАГАЗИН СПОРТ КУЛТУРА КОЛУМНИ ВИДЕО

Магазин

„Џифони Македонија“ на три локации во Скопје

06/10/2018 - 21:05 | 46 прегледи



https://a1on.mk/archives/958822


a1 on .mk

ПОЧЕТНА МАКЕДОНИЈА ЕКОНОМИЈА РЕГИОН СВЕТ МАГАЗИН СПОРТ КУЛТУРА КОЛУМНИ ВИДЕО

Култура

Отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“

08/10/2018 - 15:02 | 58 прегледи

https://makfax.com.mk/kultura/отворено-шестото-издание-на-џифони-ма/

# Отворено шестото издание на „Џифони Македонија“

- 8 октомври, 2018

makfax Отворено шестото издание на „Џифони Македонија“

Отворено шестото издание на „Џифони Македонија“

Објавено пред 2 недели - 8 октомври, 2018
Од Макфакс







Со присуство на претседателот на „Џифони Експириенс“ од Италија, Пјеро Риналди, италијанскиот амбасадор во Република Македонија, Карло Ромео, претставници на Министерството за култура и Агенцијата за филм, како и голем број учесници од основните и редните училишта од 10 земји, синоќа во киното „Милениум“ беше отворено шестото издание на филмскиот фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“.

На отворањето на фестивалот во име на организаторот „Планет-М“, Дарко Башески ги поздрави присутните гости и ги покани децата за време на фестивалските денови до 11 октомври да го слават филмот, радоста и пријателството, најавувајќи дека тоа е фестивал на младите луѓе и им го отстапи микрофонот на тројцата млади водители кои веќе гостувале на фестивалот „Џифони Експириенс“ во Италија.

Младите водители објаснија дека најголемата вредност на фестивалот е што сите млади се чувствуваат како членови на семејството Џифони, независно од каде доаѓаат, и дека фестивалските денови се исполнети со радост, уживање и склопување многу нови познанства.
Тема на годинашното издание на „Џифони“ е водата, односно „Аква“ според латинското име. Со тоа фестивалот почнува циклус кој ќе биде посветен на екологијата и човековата околина и во следните две години. По „Аква“ ќе следуваат „Воздух“ и „Земја“. Со таа цел како партнер на фестивалот се вклучува „Пакомак“.

„Најголем поздрав сакам да упатам до младите кои се членови на жирито, бидејќи жирито е срцето на фестивалот Џифони“, рече Пјеро Риналди, кој објасни дека и самиот некогаш бил член на жирито и дека добро знае што значи таа заедница.
Риналди најави дека основачот на „Џифони“, Клаудио Губитози доаѓа на 8 октомври во Македонија заедно со заменик-министерот за култура, со надлежност за кинематографијата на Италија, Лучија Боргонзони.

Италијанскиот амбасадор во Република Македонија, Карло Ромео, присутните ги поздрави на македонски, англиски и италијански јазик.

„Повторно сме тука да го одбележиме и шестото издание на филмскиот фестивал ’Џифони Македонија‘ како дел од големото семејство на ’Џифони Експириенс‘. Особено ни е мило што гледаме како ’Џифони Македонија‘ расте од година во година и станува важен дел од семејството ’Џифони‘ на светско ниво. Исто така, ’Џифони Македонија‘ е конкретен пример за силните релации меѓу Италија и Македонија, потврдувајќи ги специфичните чувства помеѓу двата народи и придонесувајќи во засилувањето на културните релации меѓу двете држави“, рече Карло Ромео.

Шестото издание на „Џифони Македонија“ беше отворено со италијанскиот филм „По трагите на мојот татко“ (La pelle dell’orso) на режисерот Марко Сегато (Marco Segato).
Филмскиот фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“ се одржува од 6 до 11 октомври 2018 на повеќе локации во Скопје. Програма содржи богата понуда на долгометражни и краткометражни филмови, креативни работилници, мастер класови и низа други креативни и едукативни активности во кои ќе бидат вклучени околу 650 деца и млади на возраст од 10 до 19 години. Освен децата од Македонија, во жирито ќе учествуваат над 50 деца од странство, кои за време на фестивалот ќе бидат гости во домовите на своите другарчиња.
За организацијата и реализацијата на активностите кои се одвиваат за време на фестивалот во Македонија е задолжено Здружението за медиумска писменост „Планет-М“.

Реализацијата на овој фестивал е овозможена со поддршка на Агенцијата за филм на Република Македонија, Министерството за култура на Република Македонија, Министерството за образование и наука, Италијанската Амбасада во Република Македонија, Кинотеката на Република Македонија, Младинскиот културен центар, сите училишта и општини на Град Скопје, како и .голем број спонзори.

http://josipbroztito.edu.mk/?p=2929




ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА- фестивал

И оваа година, во периодот од 6-11 октомври, нашата гимназија е дел од шестото издание на најважниот филмски фестивал за деца и млади ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА- фестивал на кој се прикажуваат повеќе долгометражни и краткометражни филмови, за учесниците се организираат работилници, мастеркласови, креативни и едукативни активности. Темата на овогодинешното издание на фестивалот е ВОДА (AQUA), со што “Џифони“ почнува циклус посветен на екологијата, а во наредните две години ќе следуваат темите „Воздух“ и „Земја“. Годинава од нашето училиште на фестивалот учествуваат околу 70 ученици, заедно со координаторите, професорите Марта Горовска и Јосип Стибел.

https://civilmedia.mk/6-filmski-festival-za-detsa-i-mladi-dhifoni-makedonija/

**6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“**

- 08/10/18


https://civilmedia.mk/6-filmski-festival-za-detsa-i-mladi-dhifoni-makedonija/

CIVILMEDIA MK

СЛОБОДНО.НЕЗАВИСНО.ОТВОРЕНО

Дома Вести Политика Општество Мисла Референдум Економија Култура Регион Свет

Home > Вести > 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“

АКТИВНОСТИ 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“

08/10/18



Во кино „Милениум“ синоќа беше отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“, со италијанскиот филм



Во кино „Милениум“ синоќа беше отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“, со италијанскиот филм „По трагите на мојот татко“ на режисерот Марко Сегато.

До 11 октомври фестивалот ќе се одржува на повеќе локации во Скопје. Програма содржи долгометражни и краткометражни филмови, креативни работилници, мастеркласови, креативни и едукативни активности во кои ќе бидат вклучени околу 650 деца и млади на возраст од 10 до 19 години. Покрај деца од Македонија, во жирито ќе учествуваат над 50 деца од странство, кои за време на фестивалот ќе бидат гости во домовите на своите другарчиња.

Тема на годинашниот фестивал е „Вода (Аква)“, со што „Џифони“ почнува  циклус посветен на екологијата. Во наредните две години ќе следуваат „Воздух“ и „Земја“, а за таа цел како партнер на фестивалот се вклучува „Пакомак“.

На синоќешното отворање присуствуваа ученици од основни и средни училишта од десет земји, претседателот на „Џифони Експириенс“ од Италија, Пјеро Риналди, италијанскиот амбасадор во Македонија, Карло Ромео, претставници од Агенцијата за филм на Република Македонија.

Во име на организаторот – Здружението за медиумска писменост „Планет-М“, Дарко Башески ги поздрави присутните гости и ги покани децата за време на фестивалските денови да го слават филмот, радоста и пријателството. (МИА)

https://standard.mk/otvoren-6-filmski-festival-za-deca-mladi-dzhifoni-makedonija/

**Отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“**
октомври 8, 2018




Во кино „Милениум“ синоќа беше отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“, со италијанскиот филм „По трагите на мојот татко“ на режисерот Марко Сегато.

До 11 октомври фестивалот ќе се оджрува на повеќе локации во Скопје. Програма содржи долгометражни и краткометражни филмови, креативни работилници, мастеркласови, креативни и едукативни активности во кои ќе бидат вклучени околу 650 деца и млади на возраст од 10 до 19 години. Покрај деца од Македонија, во жирито ќе учествуваат над 50 деца од странство, кои за време на фестивалот ќе бидат гости во домовите на своите другарчиња.

Тема на годинашниот фестивал е „Вода (Аква)“, со што „Џифони“ почнува циклус посветен на екологијата. Во наредните две години ќе следуваат „Воздух“ и „Земја“, а за таа цел како партнер на фестивалот се вклучува „Пакомак“.

На синоќешното отворање присуствуваа ученици од основни и средни училишта од десет земји, претседателот на „Џифони Експириенс“ од Италија, Пјеро Риналди, италијанскиот амбасадор во Македонија, Карло Ромео, претставници од Агенцијата за филм на Република Македонија.

Во име на организаторот – Здружението за медиумска писменост „Планет-М“, Дарко Башески ги поздрави присутните гости и ги покани децата за време на фестивалските денови да го слават филмот, радоста и пријателството.

https://standard.mk/dzhifoni-makedonija-otvori-povik-za-prijavuvanje-za-shestoto-izdanie/

**„Џифони Македонија“ отвори повик за пријавување за шестото издание**

https://lokalno.mk/otvoren-6-filmski-festival-za-detsa-i-mladi-dhifoni-makedonija/



https://lokalno.mk/otvoren-6-filmski-festival-za-detsa-i-mladi-dhifoni-makedonija/

Локално

*Точни и вистинити информации!*

Македонија | Бизнис | Глобално | Анализи | Спорт | Сцена | Магазин | Хроника

Актуелно — Дали ви е страв од сериозна врска дури и откако сте го нашле вистинскиот?

Почетна / Актуелно / Отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија"

ОТВОРЕН 6. ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ „ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА"

08/10/2018 09:24

Facebook | Twitter

Во кино „Милениум" синоќа беше отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија", со италијанскиот филм „По трагите на мојот татко" на режисерот Марко Серато.

До 11 октомври фестивалот ќе се одржува на повеќе локации во Скопје. Програма содржи долгометражни и краткометражни филмови, креативни работилници, мастеркласови, креативни и едукативни активности во кои ќе бидат вклучени околу 650 деца и млади на возраст од 10 до 19 години. Покрај деца од Македонија, во жирито ќе учествуваат над 50 деца од странство, кои за време на фестивалот ќе бидат гости во

https://skopjeinfo.mk/otvoreno-shestoto-izdanie-na-dzhifoni-makedonija



skopjeinfo.mk

АЗБУКАТА НА ГРАДОТ

НАЈЧИТАНИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 24 ЧАСА

Страшна сообраќајка ја потресе Македонија: Еден загинат, пет лица...

Ова е најсреќниот знак во хороскопот

Неделен 22-28 ок

НАСЛОВНА | ГАЛЕРИЈА | ЗА ГРАДОТ | НОЌЕН ЖИВОТ | КУЛТУРА | ХРАНА | ЕКОНОМИ

Култура — 8. ОКТОМВРИ 2018 - 9:16

**Отворено шестото издание на „Џифони Македонија"**

https://kanal5.com.mk/articles/351209/otvoren-6-filmski-festival-za-deca-i-mladi-djifoni-makedonija



КАНАЛ 5 ТВ | ВЕСТИ | СПОРТ | МАГАЗИН | ПРОГРАМА | ЕМИСИИ | СЕРИИ | ФИЛМОВИ | ВЕБ ТВ

Во кино „Милениум" синоќа беше отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија", со италијанскиот филм „По трагите на мојот татко" на режисерот Марко Серато.

http://kulturno.mk/2018/08/29/gifoni-makedonija-po-sesti-pat-od-6-11-oktomvri/

# Џифони Македонија по шести пат од 6-11 октомври




**Филмскиот фестивал за млади ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА отвори повик за пријавување за шестото издание**

Филмскиот фестивал за млади ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА отвори повик за пријавување на 650 учесници за шестото издание на фестивалот кое ќе се одржи од **6-11 Октомври** во МКЦ – Младинскиот Културен Центар, Кинотеката на Македонија, Кино Милениум и уште неколку локации во Скопје. Темата на овогодинешното издание на фестивалот е ВОДА (AQUA).

На фестивалот се поканети и млади учесници од 16 држави од Европа кои заедно со младите од Македонија ќе го сочинуваат меѓународното жири распределено во три категории според возраста. Тие заедно ќе гледаат филмови, ќе дискутираат на темите претставени со филмовите, ќе учествуваат во 11 различни работилници, ќе се дружат и ќе се забавуваат.



*Десет учесници од Македонија кои најмногу ќе се истакнат со своите елоквентни дискусии и активности за време на фестивалот, ќе патуваат во Италија во јули 2019 како македонски претставници на најголемиот фестивал за млади Giffoni Experience.*

**Пријава за учесници од основните и средните училишта:** https://goo.gl/nFJe7x

**Повик за волонтери на Џифони Македонија  2018**

Џифони Македонија е во потрага по волонтери, ентузијасти (18+) кои би сакале да се приклучат и да бидат дел од тимот на фестивалот.  Пожелно е познавање на англиски јазик, како и желба за дружење и со млади луѓе од преку 15 земји од Европа.

**Пријава за волонтери:** www.goo.gl/q9wJkY



Филмскиот фестивал за млади ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА како гранка на фестивалот Giffoni Experience веќе шест години опстојува и работи на развој на филмската култура и неформалното образование кај младите генерации во Македонија со поддршка од Агенцијата за филм на Република Македонија и најголемиот фестивал за млади ЏИФОНИ ЕКСПИРИЕНС од Италија.

http://kulturno.mk/2018/10/04/utre-pres-konferencija-na-gifoni-makedonija/




Прес конференцијата  ќе се одржи на 5.10.2018 год. (петок), со почеток во 11 часот, во Младинскиот културен центар.

Шестото издание на Филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија“ , ќе се одржи во период од 06-11 октомври 2018 година во Скопје под темата: „Вода“.

На прес конференцијата ќе бидат презентирани филмската и едукативната програма наменета за младите учесници на фестивалот на возраст од 10-18+ години. Исто така ќе биде презентирано новото партнерство со ПАКОМАК кој ќе го поддржува концептот на фестивалот во следните три години во кои темите ќе бидат поврзани со грижата и зачувување на чистата животна средина.



Дарко Башески

Очекуваме и ова издание да биде успешна приказна исполнета со филмска магија, работилници, искуства за младите генерации од 10 земји учесници,  магија преплетена со филмски мечтаења, дружења и забава- вели директорот на Фестивалот г-дин Дарко Башески.

http://kulturno.mk/2018/10/08/veerva-sveceno-otvaranje-na-gifoni/

# Вчеравечер свечено беше отворен меѓународниот филмски фестивал за млади „Џифони Македонија“



Свеченото отворање на Филмскиот фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“ се одржа вчеравечер во Градското кино „Милениум“ со проекција на италијанскиот филм „По трагите на мојот татко“ (La pelle dell’orso) на режисерот Марко Сегато (Marco Segato).

Шестото издание на филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија“ се одржува од 6-ти до 11-ти октомври 2018 на повеќе локации во Скопје. Овој фестивал е дел од големото семејство на Giffoni Experience, најголемиот и најважниот културен настан во светски рамки посветен на филмот и на развојот на културната и на социјалната зрелост децата и младите.




Шестдневната програма содржи богата понуда на долгометражни и краткометражни филмови, креативни работилници, мастер класови и низа други креативни и едукативни активности во кои ќе бидат вклучени 10 земји со учество од над 650 деца и млади на возраст од 10 до 19 години од кои околу 50 доаѓаат од странство. Младите учесници од странство за време на фестивалот ќе бидат гости во домовите на своите врсници од Македонија.

Главниот дел од програмата се состои од внимателно селектирани филмови за секоја од трите старосни групи, а децата, во улога на жири ќе ги одберат победниците во секоја од категориите.  Проекциите на долгометражни филмови ќе бидат проследени со дискусии поврзани со темата и проблематиката на филмот со цел да се поттикне дебатирањето и градењето на сопствени ставови кај младите.




Работилница за креативно пишување-Џифони 2017

Покрај главната филмска програма ќе има проекции на кратки филмови на млади автори, 12 различни работилници, средби со автори на филмовите, како и многу дополнителни настани и активности, како краткометражни и документарни филмови, презентации на разни невладини организации и други активности смислени специјално за младите учесници.



Темата на шестото издание на „Џифони Македонија“  е AQUA, латинскиот збор за ВОДА. Со почеток од оваа година, во следните три години фестивалот концепциски се посветува на екологијата и на грижата за животната средина. Како партнер на овој концепт ќе не придружува компанијата ПАКОМАК, непрофитна компанија чија дејност е управување со отпадот од пакувања. Очекуваме ова партнерство да помогне во подигањето на еколошката свест кај младата популација, а и кај нивните родители.

На 11 октомври (четврток) во Киното „Милениум“ ќе се одржи свеченото затварање на Фестивалот, на кое ќе бидат прогласени победничките филмови, а младите учесници ќе ги прикажат резултатите од работата на креативните работилници.



Учесници на Џифони 2017

За организацијата и реализацијата на активностите кои се одвиваат за време на фестивалот во Македонија е задолжено Здружението за медиумска писменост „Планет-М“.

Веќе 6 години реализацијата на овој фестивал е овозможена со поддршка на Агенцијата за филм на Република Македонија, фестивалот Џифони Експириенс од Италија, Министерството за култура на Република Македонија, Министерството за образование и наука, Италијанската Амбасада во Република Македонија, Кинотеката на Република Македонија, Младинскиот културен центар, како и сите училишта и општини на Град Скопје, како и многуте спонзори.

http://kulturno.mk/2018/10/11/gifoni-makedonija-vecerva-zavrsuva-so-prezentacija-na-srabotenoto/

# Џифони Македонија вечерва завршува со презентација на сработеното и прогласување на најдобри филмови

Годинешново 6-то издание на „Џифони Македонија" завршува со презентација на сработеното во сите учесници на работилниците во Киното „Милениум".

Филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија" започна да се одржува од 2013 година врз основа на договор за соработка меѓу Агенцијата за филм на Република Македонија и Фестивалот Giffoni Experience од Италија, на иницијатива на г. Клаудио Губитози, негов директор и основач. За само шест години „Џифони Македонија" успеа да прерасне во клучен филмски и културен настан наменет на младата публика во овој дел од Европа. „Џифони Македонија" стана траен центар на Giffoni Experience на Балканот.

Костимографска работилница





Оваа година учество зедоа млади од 10 земји,кои работеа во работилници за сценарио, костимографија, шминка, фотографија, едноминутен филм, one take video,поглднаа многу филмови и дискутираа за магијата на филмското платно.

Новитет на шестото издание на „Џифони Македонија" е и дополнителната група учесници од Италија, составена од 7 студенти, на возраст од 20 до 27 години, кои во рамките на италијанскиот проект „Дестинација Балкан" ќе учествуваат во активности од областа на филмот и уметноста. Покрај запознавањето со Македонија, преку посети на музеи и значајни локалитети, ќе направат краток филмски проект посветен на човековата средина, под водство на италијанскиот режисер Лука Кортина, кој дипломира на ФДУ во Скопје.

Темата на годинешниов Џифони е „Вода „ , кој е дел од заложбата на Џифони за заштита на животната средина. Многу активности во светот на магијата во светот на филмот во светот на Џифони !

http://kulturno.mk/2018/10/17/giffoni-niz-prizmata-na-eden-ucesnik-ubavo-bese-custvoto-da-gi-slusam-aplauzite-koga-ke-iskocev-da-kazam-nesto-za-filmot/

# “Џифони” низ призмата на еден учесник- Убаво беше чувството да ги слушам аплаузите кога ќе излезев да кажам нешто за филмот

### “Џифони” -Филмскиот фестивал за млади низ призмата на еден учесник во Работилницата за креативно пишување и филмско сценарио

*Пишува Мартин Луевски*





Пред да одам на Џифони, разговарав со една моја другарка, со која се немав видено подолго време. Разговаравме за секојдневни теми, за како ни оди во училиште, како ни оди друштво и сето тоа. Во тој разговор и спомнав дека ќе одам на Џифони, а таа спомна дека никогаш не била на тој фестивал, но отсекогаш сакала бидејќи и личело на друг свет. Кога го слушнав тоа, се насмеав. Не ја сфатив сериозно затоа што сметав дека тој опис малку го преценува целиот настан.

Но неколку дена подоцна, кога седев во Кино Милениум на „свеченото”з атворање на овој шести филмски фестивал за млади овозможен од некои си Италијанци и додека ги слушав мизерните шеги на личноста позади мене со кои ги исмеваше јуниорите кои се потрудиле и направиле некаква претстава, се замислив малку околу зборовите на мојата другарка. Така замислен седев и сфатив дека на некој начин е во право. За тие 5 дена колку траеше фестивалот, моите рутини се променија и се чувствував како да сум на друго место… како да сум на друг свет. Тоа не значи дека Џифони е 10/10 искуство на кое ти запознаваш милјарда другари и после тоа сите заедно доживувате душевна нирвана. Џифони е далеку од тоа. Но се чувствував како да сум земал пауза од моето секојдневие и да сум дошол на друго место.



Прво, не идев на училиште, што секако нели е супер за багра дете ко мене кое го мрзи да учи. Но, јас Џифони ќе го памтам по тоа што прв пат имав место каде можам да давам

филсмки критики пред поголема маса, место каде што со неколку познаници станав другар и место на кое посетив многу интересна работилница.



Цифони, е место каде што јадеш гага Силбо и пиеш Маја вода, место каде што волонтерите врискаат по тебе да се вратиш назад во кино салата за дискусија, место каде што не знаат да пуштат филм на проекторот и после пола час чекање филмот да е лош. Но, лошите филмови ми донесоа убави спомени, бидејќи на дискусиите пред сите можев да кажам што мислам за филмот. Моите негативни критики добија добар feedback од останатите деца. Убаво беше чувството да ги слушам аплаузите кога ќе искочев да кажам нешто за филмот. Бев на работилницата за пишување филмско сценарио. Таму си проаѓав најубаво. Иако не бевме многу деца, ама сите имавме многу интересни идеи.



Слушнав секакви идеи за филмови: некои од нив претенциозни, а некои од нив апсурдни и смешни. Без разлика какви и да беа, атмосферата во работилницата беше многу позитивна и затоа многу сработивме.  Ако барате препорака од мене дали да одите на Цифони, би ви рекол одете. Ќе видите некое филмче што најверојатно никогаш не би го виделе, може ќе дојде некој интересн гостин за Q&A, ќе си јадете силбо за беспари, ќе се зезате со другари или ако ништо друго можеби некоја личност што ја мразите ќе е исто таму и ќе имате шанса да ја запознаете подобро, па ќе имате уште повеќе причини да ја мразите.

https://a1on.mk/culture/otvoren-6-filmski-festival-za-deca-mladi-dzhifoni-makedonija/





# Отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“

08/10/2018 - 15:02 99

Од: **A1он**

SHARE

Во кино „Милениум“ синоќа беше отворен 6. Филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“, со италијанскиот филм „По трагите на мојот татко“ на режисерот Марко Сегато.

До 11 октомври фестивалот ќе се оджрува на повеќе локации во Скопје. Програма содржи долгометражни и краткометражни филмови, креативни работилници, мастеркласови, креативни и едукативни активности во кои ќе бидат вклучени околу 650 деца и млади на возраст од 10 до 19 години. Покрај деца од Македонија, во жирито ќе учествуваат над 50 деца од странство, кои за време на фестивалот ќе бидат гости во домовите на своите другарчиња.

Тема на годинашниот фестивал е „Вода (Аква)“, со што „Џифони“ почнува циклус посветен на екологијата. Во наредните две години ќе следуваат „Воздух“ и „Земја“, а за таа цел како партнер на фестивалот се вклучува „Пакомак“.

На синоќешното отворање присуствуваа ученици од основни и средни училишта од десет земји, претседателот на „Џифони Експириенс“ од Италија, Пјеро Риналди, италијанскиот амбасадор во Македонија, Карло Ромео, претставници од Агенцијата за филм на Република Македонија.

Во име на организаторот – Здружението за медиумска писменост „Планет-М“, Дарко Башески ги поздрави присутните гости и ги покани децата за време на фестивалските денови да го слават филмот, радоста и пријателството.

68 вести на time.mk

https://time.mk/?q=цифони&search=news&startdate=01.01.2018&enddate=31.12.2018&order=inc


TIME.MK
ГО СЛЕДИ СВЕТОТ

Пребарување
Обновено во 18:21

Вести | Спорт | Магазин | Најнови вести | Извори | Top

Резултати: 68 вести
1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

цифони
01.01.2018 - 31.12.2018

Избрани македонските претставници за Цифони Експириенс 2018
Канал5 - 26.03.2018
Фестивалот Џифони Македонија и здружението Планет-М со проекција на филмот „Еклер" на режисерот Марко Ѓоковиќ и дискусија со кандидатите од цела Македонија го направија изборот на млади претставници кои ќе учествуваат во меѓународното жири на 48-то ...

Избрани се македонските претставници кои ќе учествуваат на фестивалот „Џифони експириенс 2018"
МКД - 27.03.2018
Фестивалот „Џифони Македонија" и здружението „Планет-М" со проекција на филмот „Еклер" на режисерот Марко Ѓоковиќ и дискусија со кандидатите од цела Македонија го направија изборот на млади претставници кои ќе учествуваат во меѓународното жири на ...

Филмскиот фестивал за млади Џифони патува во Берово
A1 On - 19.04.2018
На патувачкиот дел на Филмскиот фестивал за млади „Џифони во помалите градови од Македонија", денеска и утре пред ученици од Берово ќе бидат прикажани италијанскиот филм „Девојка во лет" и холандскиот филм „Малиот ганстер".

Филмски фестивал за млади „Џифони Патува во Берово"
Макфакс - 19.04.2018
На 21 и 22 април ќе се одржи филмскиот фестивал за млади Џифони Патува во Берово како патувачки дел од фестивалот Џифони Македонија во помалите градови од Македонија. Во текот на двата дена во Бизнис центарот во Берово учениците ќе го гледаат ...

Филмскиот фестивал за млади „Џифони" патува во Берово
Н.Македонија - 20.04.2018
Филмскиот фестивал за млади „Џифони" утре и задутре гостува во Берово. Во текот на двата дена во Бизнис-центарот во Берово учениците ќе ги гледаат италијанскиот филм „Девојка во лет" и холандскиот филм „Малиот гангстер", ќе дебатираат под ...

Филмскиот фестивал за млади Џифони патува во Берово
CivilMedia - 21.04.2018
На патувачкиот дел на Филмскиот фестивал за млади „Џифони во помалите градови од Македонија", денеска и утре пред ученици од Берово ќе бидат прикажани италијанскиот филм „Девојка во лет" и холандскиот филм „Малиот ганстер".

Филмскиот фестивал за млади Џифони патува во Берово
Сител - 21.04.2018
На патувачкиот дел на Филмскиот фестивал за млади „Џифони во помалите градови од Македонија", денеска и утре пред ученици од Берово ќе бидат прикажани италијанскиот филм „Девојка во лет" и холандскиот филм „Малиот ганстер".

Филмскиот фестивал за млади Џифони патува во Берово
Курир - 21.04.2018
На патувачкиот дел на Филмскиот фестивал за млади „Џифони во помалите градови од Македонија", денеска и утре пред ученици од Берово ќе бидат прикажани италијанскиот филм „Девојка во лет" и холандскиот филм „Малиот ганстер".

Филмскиот фестивал за млади Џифони патува во Берово
Канал5 - 21.04.2018
На патувачкиот дел на Филмскиот фестивал за млади „Џифони во помалите градови од Македонија", денеска и утре пред ученици од Берово ќе бидат прикажани италијанскиот филм „Девојка во лет" и холандскиот филм „Малиот ганстер".

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Над 100 вести на Grid.mk

https://grid.mk/search?q=Џифони&beg=01.01.2018&end=31.12.2018